ГРАД СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **Изготвувач:** | Сектор за планирање и уредување на просторот |
| **Претставник:** | Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот и Сектор за сообраќај |
| **Повереник:** | Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот |

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А
за давање на субвенции на ЈП Улици и патишта - Скопје за 2026 година

Скопје, јануари 2026 год.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 8-б од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на Република Македонија“, бр.38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19; 89/22; 274/22, 208/24 и 193/25) Советот на Град Скопје на ________ седница, одржана на ______, донесе

О Д Л У К А
за давање на субвенции на ЈП Улици и патишта - Скопје за 2026 година

Член 1

Со оваа Одлука, Град Скопје му дава субвенции на ЈП Улици и патишта - Скопје, наменети за:

- Набавка на битумен, нафта и други неопходни материјали, во износ од 13.000.000,00 (тринаесетмилиони)денари;
- Потешкотии во работењето, во износ од 10.000.000,00 (десетмилиони)денари;
- Одржување и оперативни трошоци на Центар за управување и контрола на сообраќај, во износ од 25.000.000,00 (дваесетипетмилиони) денари;

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ____________
__.__.2026 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Проф. Д-р. Даме Димитровски
________________________

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје. Со член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“, бр.38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) е уредено дека финансиските односи меѓу државата, органите на општините и органите на градот Скопје и јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес треба да бидат транспарентни.

Со оваа Предлог Одлука за давање на субвенции на ЈП Улици и патишта – Скопје за 2026 година се предвидува финансиска поддршка за обезбедување континуирано и квалитетно извршување на дејностите од јавен интерес кои претпријатието ги врши во надлежност на Град Скопје.

За таа цел, се предлага доделување на следните субвенции:

- Субвенции за набавка на репроматеријали (битумен, нафта и други неопходни материјали), во износ од 13.000.000,00 денари, со цел навремено и ефикасно одржување, санација и реконструкција на улиците и патиштата, како и непречено спроведување на зимското и летното одржување на сообраќајната инфраструктура;
- Субвенции за надминување на потешкотиите во работењето, во износ од 10.000.000,00 денари, кои произлегуваат од зголемени оперативни трошоци, нестабилни цени на енергенсите и материјалите, како и потребата од одржување на финансиската ликвидност и континуитет во работењето на претпријатието;
- Субвенции за одржување и оперативни трошоци на Центар за управување и контрола на сообраќај, во износ од 25.000.000,00 денари, со цел континуирано и ефикасно функционирање на Центарот, редовно техничко и софтверско одржување на системите за управување со сообраќајот, како и покривање на тековните оперативни трошоци преку навремено прилагодување со максимално искористување на минималното и максималното зелено време со коефициент на преферирање на правците каде се јавува најголем обем на сообраќај и во зависност од сообраќајното оптоварување на одреден булевар или улица на подрачјето на град Скопје.

Вкупниот износ на предложените субвенции изнесува 48.000.000,00 денари, а средствата се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Со донесување на оваа Одлука ќе се обезбеди стабилно функционирање на ЈП Улици и патишта – Скопје, навремено извршување на активностите од јавен интерес и одржување на јавните сообраќајни површини во безбедна и функционална состојба,
како и обезбедување на редовно функционирање на Центарот за управување и контрола на сообраќајот, со што се придонесува за подобра безбедност и ефикасен сообраќаен проток на подрачјето на град Скопје.

Согласно гореизнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за субвенционирање на ЈП Улици и патишта – Скопје за 2026 година.

Градоначалник на Град Скопје
Орце Ѓорѓиевски